**Соопштение од мисијата на Меѓународниот монетарен фонд**

Мисијата на ММФ предводена од господинот Марк Грифитс престојуваше во Скопје од 25 јануари до 5 февруари 2007 година со цел да го дискутира Вториот Преглед од Стенд-Бај Аранжманот.

Мисијата е задоволна од напредокот што е постигнат во правец на заокружувањето на прегледот. Макроекономските таргети на аранжманот за 2006 се постигнати. Фискалната позиција останува силна, девизните резерви се зголемија, а каматните стапки се ниски. Прелиминарните официјални податоци укажуваат дека растот на реалниот БДП во 2006 остана воглавно непроменет во однос на 2005 година, но останатите индикатори укажуваат дека растот е веројатно значително повисок.

Економските изгледи за 2007 како и среднорочните се поволни. За да се осигури макроекономската стабилност, со Буџетот за 2007 година што го донесе Собранието при крајот на декември 2006 година се ограничува фискалниот дефицит на ниво од 1 процент од БДП - малку повисоко во споредба со таргетот за 2006 година. Дополнителни средства ќе се користат за финансирање на значајни реформи, вклучително хармонизацијата на придонесите за социјално осигурување, повисоките инвестиции, вториот пензиски столб како и пониските царини и даноци од доход.

Мисијата го поздравува неодамнешниот договор со Парискиот клуб на доверители во врска со предвремена отплата на долгот. Предвремената отплата се очекува да биде во целост завршена до крајот на април 2007 година. Како резултат на тоа, расходите за камата ќе се намалат, а среднорочната одржливост на долгот дополнително ќе се подобри.

Од гледиште на мисијата, од клучно значење е Владата да се придржува кон своите фискални таргети, а фискалните ризици што произлегуваат од проблемите во неколку сектори во економијата - особено, од здравствениот сектор и енергетскиот сектор - да ги намалува. Беа преземени одредени чекори во овој правец. Меѓутоа, мисијата ги охрабри властите, во тесна соработка со Светска банка, да подготват сеопфатен акционен план со цел обновување на финансиската одржливост на енергетскиот сектор.

Мисијата постигна разбирање за скоро сите елементи од предложеното писмо на намери. Неколку прашања што сепак треба да се дискутираат во поголеми детали, вклучуваат: 1)утврдување на стратегијата за либерализација и реформи во телекомуникацискиот сектор; 2)следните чекори во хармонизирањето на основиците на придонесите за социјално осигурување и на персоналниот данок на доход; 3)подобрување на наплатата на приходите, преку интегрирањето на

социјалните фондови во наплатата на придонесите за социјално осигурување и, конечно, преку консолидирањето на овие надлежности во рамки на управата за јавни приходи; и 4)новиот предлог закон за банки.  Во очекување на постигнување значаен напредок во текот на наредниве недели, состанокот на Извршниот Одбор на ММФ за комплетирање на Вториот Преглед би можел да се одржи во текот на месец март 2007 година.

На крај, мисијата би сакала да се заблагодари на властите на Република Македонија за нивната континуирана соработка како и за нивната срдечна гостопримливост.

Скопје,
5 февруари 2007 година